РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-5523/1
07-08-2024 год
СТРУМИЦА

# ОПШТИНА СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.5/02) и член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица„ бр 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), како и потребата за реализација на поединечна активност од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на образованието за 2024 година („Службен гласник на Општина Струмица" бр.19.2023), Градоначалникот на општина Струмица објавува

## Ј А В Е Н   П О В И К

за
времен ангажман на евидентирани невработени лица за вклучување во
Проект „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес во основно образование"

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во Проектот „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес во основно образование", за работно ангажирање како лични асистенти на ученици со попреченост кои се вклучени во образовниот процес во основните училишта на територија на Општина Струмица во учебната 2024/2025 година.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Проектот „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, во период од 9 (девет) месеци, почнувајќи од 01 септември 2024 година до крајот на учебната 2024/2025 година.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Проектот „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес" се предвидува паричен надоместок во висина од 13.750.00 денари бруто износ, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Проектот „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес", треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

– долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години);
– млади лица до 29 години;
– лица постари од 50 години;
– самохрани родители;
– родители на деца со пречки во развојот;

- жртви на семејно насилство

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на 19 (деветнаесет) лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес.

Личните асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовно образование потребно е да ги извршува следните работни задачи:

- Пружење помош и поддршка на учениците и нивна придружба за време на наставниот процес и олеснување во надминување на физички пречки за време на наставата;
- Пречекување на учениците со попреченост и спроведување до нивните училиници или кабинети каде ја следат наставата;
- Пружење помош и поддршка на учениците со попреченост во извршување на нивните основни потреби (храна, тоалет и сл.);
- Пружење помош и поддршка на учениците со попреченост кога имаат слободни часови да работат на нивните домашни задачи и наставни активности;
- Помош и подршка на родителите преку соработка со истите;
-Соработка со заедницата;
-Соработка со стручните соработници и инклузивен тим на ученикот

На јавниот повик може да се пријават лица со минимум завршено средно образование од било која област, а кои се евидентирани во базата на податоци на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Предност ќе имаат кандидатите кои имаат претходно искуство во работа како лични асистенти во претходните циклуси на проектот и поседуваат сертификат за работа со лица со попреченост.

Избраните лични асистенти кои ги задоволуваат критериумите дефинирани во Јавниот повик ќе бидат ангажирани во следните основни училишта во општина Струмица:

3 (три) лични асистенти во ООУ "Сандо Масев" Струмица, 3 (три ) лични асистенти во ООУ "Маршал Тито" Струмица, 5 (пет) лични асистенти во ООУ "Видое Подгорец" Струмица, 2 (два) лични асистенти во ООУ "Никола Вапцаров" Струмица, 1 (еден) личен асистент во ООУ "Герас Цунев"с.Просениково Струмица, 3 (три) лични асистенти во ООУ "Даме Груев" с.Куклиш Струмица и 2 (два) лични асистенти во ООУ "Маршал Тито" с.Муртино Струмица.

Заинтересираните невработени лица, пријавите за учество во Проектот „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес во основно образование" можат да ги поднесат во Архивата на Општина Струмица.

Потребни документи кои треба да бидат доставени се:

- Пријава за учество во проект „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес во основно образование";
- Потврда од Агенцијата за вработување дека кандидатот е невработено лице евидентирано во Агенцијата;
- Доказ за завршено средно образование (копија).

**Јавниот оглас ќе трае почнувајќи од 07.08.2024 заклучно со 19.08.2024 година.**

За да бидат прифатени барањата мора целокупната документација да се достави исклучиво по препорачана пошта или лично, во запечатен плик на кој е назначено дека е за јавниот повик, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 08:00 и 16:00 часот, од денот на објавување на Јавниот повик.

На предната страна на пликото во горниот лев агол да стои: „**Не отварај**“, а во долниот десен агол да стои: Општина Струмица, Ул.„Сандо Масев“ бр. 1 и под истата назнаката **„За Јавен повик за времен ангажман на евидентирани невработени лица за вклучување во Проект „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес во основно образование“**

Доставените пријави ќе бидат разгледани од страна на именувана со Решение од Градоначалник, Комисија за следење на проектот составена од претставници од општината. Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Струмица и избраните кандидати.

**Напомена!**

Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Апликациите кои ќе пристигнат по зададениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е со официјалниот краен рок.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**КОСТАДИН КОСТАДИНОВ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ГРАДОНАЧАЛНИК • ОПШТИНА СТРУМИЦА